| | | |
|---|---|---|
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова<br>и наставници од Катедрата за стоматолошка протетика |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Положени предмети: Заботехнички апарати и инструменти, Морфологија на заби 1 и 2, Технологија на заботехнички материјали 1 и 2, Технологија на фиксни протези (коронки) и Технологија на фиксни протези (мостови). |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот ќе стекне пошироко знаење за керамичките материјали, ќе се запознае со сите фази на изработката на метал-керамичките реставрации, од анализа и излевање на земениот отпечаток, па сè до глазирањето и поставувањето на готовата метал-керамичка реставрација во устата на пациентот; на тој начин студентот ќе се оспособи за самостојна работа и ќе има компетенции за изработка на метал-керамички реставрации. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава:<br>-Дентални керамички материјали ..................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со керамичките материјали што се користат во стоматологијата за изработка на фиксно-протетички реставрации: нивна поделба според хемискиот состав и состојбата во која техничарот ги набавува, нивните физички карактеристики, естетски својства.*<br>-Препарација на забите ........................................................ 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со првата фаза од клиничката работа – препарација на забите и различните видови на демаркации, нивниот облик и позиционираност во однос на гингивата, значење на демаркациите за работата на забниот техничар.*<br>-Земање на отпечаток и излевање на отпечатокот ............... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со различни отпечаточни материјали, техники за земање на отпечаток, проценка на квалитетот на земениот отпечаток, излевање на отпечатокот за добивање на работен модел со подвижни забни трупчиња – правила за поставување на Неевите колчиња.*<br>-Подготовка на работниот модел и начини за добивање на скелетот на метал-керамичките фиксно-протетички изработки ........................................................................................ 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со фазите на подготовка на работните модели и техниките за изработка на скелетот на метал-керамичките реставрации.*<br>-Штифтување, вложување и излевање на скелетот на метал-керамичките реставрации ............................................... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со фазите на подготовка на измоделираниот скелет за негово излевање: правилата на штифтување, правилата на поставување на штифтуваниот објект во киветата, пополнување на киветата со маса за вложување, термичка подготовка на киветата за нејзино излевање – загревање, топење на денталната легура и начини за излевање со дентални легури.*<br>-Обработка на металниот скелет за изработка на метал- |

| | | |
|---|---|---|
| | | керамичка реставрација ................................................ 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со фазите на работа по излевањето на киветата со дентална легура, отстранување на масата за вложување од излеаниот објект, обработка на скелетот со фрези, песочење и чистење на металниот скелет.*<br>-Типови на врски помеѓу металот како скелет и керамиката како фасетна структура; кондиционирање на скелетот ...... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со четирите типови на врски што треба да се постигнат помеѓу металот и керамиката за да се овозможи долготрајност на метал-керамичката реставрација во устата на пациентот, со посебен осврт на кондиционирањето на металниот скелет – дегасирање и оксидација.*<br>-Избор на боја, инструменти за фасетирање со керамички материјали, керамички материјали за изработка на метал-керамички реставрации ................................................ 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со инструментите и апаратите за бирање на боја и начинот на одредување на бојата на природните заби; со инструментите за наслојување на керамичките материјали. Студентот се запознава и со керамичките материјали со кои се фасетира металниот скелет при изработка на метал-керамички реставрации: опакер, керамички материјали за наслојување, гингивални бои, керамички материјали за постигнување на определени ефекти, модификатори на бојата (сенки, интензиви, дамки), течности за опакер и за моделирање, средства за глазирање.*<br>-Фасетирање на металната основа со керамички маси – техника на наслојување и кондензација на керамичките слоеви .. 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со фазите на фасетирање – наслојување на керамички материјали врз подготвениот метален скелет: нанесување и печење на прв слој опакер, нанесување и печење на втор и трет слој на опакер, нанесување на керамички маси и нивно кондензирање, прво и второ печење на керамиката, корекционо печење, упасување на реставрацијата на работниот модел. Особено внимание ќе се посвети на кондензирањето на нанесените керамички маси, пред нивно печење – техники на кондензација на керамиката и нејзина важност.*<br>-Проценка на квалитетот на испечената керамика ......... 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот учи како да препознае оптимално испечена керамика, недоволно испечена керамика и препечена керамика.*<br>-Глазирање и финална обработка .................................. 2 часа<br>*Резултати од учење: Студентот се запознава со завршните фази од изработката на метал-керамичките реставрации: отстранување на површинскиот слој, техники на нанесување на глазурна керамика и глазурно печење, надворешна карактеризација – нејзини предности и недостатоци, метамеризам; средства за полирање и важноста на полирањето на керамичката фасета пред цементирањето на метал-керамичката реставрација во устата на пациентот.* |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">-Однесување на пациентот по цементирањето на метал-керамичките реставрации ............................................ 2 часа<br>Резултати од учење: Студентите се запознаваат со упатствата што им се даваат на пациентите со цел долготрајност на метал-керамичките реставрации во устата на пациентот.<br>-Метал-керамичка коронка со керамички раб ............. 2 часа<br>Резултати од учење: Студентот се запознава со системот метал-керамичка коронка со керамички раб, индикацијата за нејзина изработка, материјалите и техниката за изработка.<br>-Грешки при изработка на метал-керамички реставрации .. 2 часа<br>Резултати од учење: Студентот се запознава со грешките што може да ги направи во сите фази од изработката на метал-керамичките реставрации.<br>-Фрактура на керамичка фасета и можност за репарација .. 2 часа<br>Резултати од учење: Студентот се запознава со причините за фрактура на керамичката фасета, степенот на фрактура и техниката на работа при екстраорална репарација.<br><br>Вкупно: ........................................................................... 30 часа<br><br>Вежби:<br>Вовед во изработката на метал-керамички реставрации; излевање на отпечатоци, добивање на работни модели со подвижни забни трупчиња и фиксирање во артикулатор; моделирање на скелетот на метал-керамичката реставрација во восок; штифтување и вложување на восочниот скелет во кивета; термичка подготовка на киветата и излевање на објектот со дентална легура; отстранување на киветата и отстранување на масата за вложување од излеаниот објект; сечење на ливните канали, обработка на металниот скелет со фрези; завршна обработка, песочење, чистење и кондиционирање на металниот скелет.<br>Вкупно: ........................................................................... 90 часа</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Овој предмет е поврзан со предметите: Морфологија на заби 1 и 2, Заботехнички апарати и инструменти, Технологија на заботехнички материјали 1 и 2, Технологија на фиксни протези (коронки), Технологија на фиксни протези (мостови) и Оклузија.</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Теоретска настава во голема група и интеракција на студентите, работа во мали групи при изведување на практичната настава, демонстрација на лабораториските фази и самостојна работа на студентите при изработката на реставрациите, самостојно истражување, работа во мали групи при подготовката на семинарските работа, работа во голема група при презентирањето на истите, дискусии.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">210 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>30</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (<u>лабораториски</u>, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>90</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Пракса: часови</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | |
| | | 17.3. | Домашно учење – задачи | 90 | |
| 18 | Услови за потпис | Присуство на минимум 60% од теоретската настава и покажана активност на часовите, присуство на минимум 80% од лабораториските вежби и завршување на предвидените лабораториски фази. | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 30 | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 10 | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 60 | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола од демонстраторот и наставникот при изведувањето на практичната настава, проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодност на студентите кои го положиле предметот. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Бајевска Јагода, Бајевска Јана. | Стоматолошка керамика | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 2. | Stephen F. Rosenstiel, Martin F. Land, Robert Walter | Contemporary fixed prosthodontics 6th edition | Elsevier | 2022 |
| | | 3. | Shillingburg H.T. et al. | Fundamentals of Fixed Prosthodontics 4th edition | Quintessence Publishing Co. Chicago | 2012 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Bajraktarova Valjakova E, Guguvcevski Lj, Korunoska-Stevkovska V, Gigovski N, Kapusevska B, Mijoska A, Bajevska J, Bajraktarova Misevska C, Grozdanov A. | Dental ceramic materials, Part I: Technological development of all-ceramic dental materials. | Macedonian Dental Review 2018; 41(1-2):30-4. | 2018 |
| | | 2. | | | | |

Ред. број: 31

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Ортодонтски апарати 2 | | | |
| 2. | Код | СЗТЗЗОПЗ | | | |
| 3. | Студиска програма | Стручни забни техничари | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за ортодонција | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 3 | семестар | 5 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 5 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Билјана Џипунова<br>и наставници од Катедрата за ортодонција | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Положени Основи на ортодонција и Ортодонтски апарати 1 | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Детално запознавање на студентите со дизајнот, техниките и начините на изработка на различни видови фиксни ортодонтски и ретенциони апарати. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Теоретска настава:<br>1. Поглавје – развој, значење, специфики, модификации, биомеханика и индикации на различните видови фиксни ортодонтски апарати<br>Запознавање со современите видови фиксни апарати и техники, нивните составни елементи, индикации и контраиндикации<br>........................................................................................ 2 часа | | | |